‚Измијте ја трипати, петпати, или повеќе од тоа – ако можете со вода и сидр (листови од лотос), а во последното миење ставете камфор или нешто од камфор. А кога ќе завршите, известете ме.‘“

Уму Атија, Аллах нека е задоволен со неа, раскажува: „Почина една од ќерките на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем. Тогаш Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, излезе и рече: ‚Измијте ја трипати, петпати, или повеќе од тоа – ако можете со вода и сидр (листови од лотос), а во последното миење ставете камфор или нешто од камфор. А кога ќе завршите, известете ме.‘“ Таа рече: „Кога завршивме, го известивме. Тогаш тој ни ја даде својата наметка и рече: ‚Завијте ја во неа.‘ И рече: Нејзината коса ја исплевме во три плетенки.‘“

[متفق عليه] [صحيح]

Кога почина Зејнеб, ќерката на Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, тој влезе кај жените кои требаше да ја избањаат и им рече: „Избањајте ја со вода и сидр непарен број пати – трипати, петпати, или повеќе од тоа, ако има потреба. Во последното миење ставете нешто од камфор. А кога ќе завршите, известете ме.“ Кога завршија со нејзиното капење, го известија. Тој им ја даде својата наметка и рече: „Завијте ја во неа и нека биде таа наметка најблиску до нејзиното тело.“ А потоа косата ѝ ја исплеа во три плетенки.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/1751